# УБЕДЛИВО БАРАЊЕ ЗА ПРОДАЖБА

From: *Весна Митреска*

To: *Таргетиран клиент*

Cc: *Колеги во групата*

Предмет: *Истражете го пулсот на вашите потрошувачи*

Почитуван Г-дине Петрески,

Чест ни е да ве контактираме со нешто интересно и ново, што може да Ви го понудиме како студенти на Економскиот Факултет Прилеп. Вашата компанија е предизвик за црпење искуство за секој млад човек, а особено нам, на студентите по Економија, Менаџмент и …

Станува збор за услуга ***Истражување на пазар***, која би го истражила на терен пулсот на Вашиот пазар на потрошувачи, во регионот Битола, Прилеп, Крушево, преку директни анкетни прашалници и/или интервјуа. Поконкретно, со оглед на распространетоста на Вашата дистрибуција на сувомесни производи во регионов, сметаме дека ќе ви биде **корисно да имате блиско сознание за навиките, желбите, потребите и мислењето на потрошувачите за сувомесните производи од трите најголеми понудувачи, и вашиот бренд**.

Истражувањата на терен ги правиме ние, студентите од трета и четврта година на Економскиот Факултет Прилеп, како **анкета**, со претходно подготвени **прашалници и материјали**. Се разбира во консултација со Вас, за да ги дизајнираме согласно она што во моментов ви е од интерес да го разберете како директен импулс од Вашите потенцијални и постоечки клиенти. Истовремено, со **кратки интервјуа** можеме да опфатиме и неколку поголеми продажни објекти, преку кои се одвива малопродажбата.

Она што ќе го <u>добиете</u> е <u>комплетен Извештај со статистички податоци и метрики</u>, за сите елементи во прашалникот и <u>Сумарен извештај од впечатоците од интервјуата</u> од малопродажните пунктови.

***Сигурни сме дека тоа во голема мера ќе ја унапреди вашата понуда и комуникација со потрошувачите, како и повратна врска за нивното задоволство и лојалност на вашиот бренд.***

Доколку се прашувате која е *нашата придобивка* од ваков ангажман, би Ви одговориле на следниов начин: Ние ги градиме нашите знаења теоретски и практично – ова е еден начин како да стекнеме искуство во комуникација со потрошувачи, менаџери, спроведување на истражување и обработка на податоци.

Истовремено, доколку сте задоволни од нашата соработка, ваквите проекти би можеле да се продолжат и во иднина.

Како **конкретна активност** што би ве замолиле да ја размислите и во прва прилика да ни одговорите, е *можноста некои од нашите студенти својата едномесечна пракса во студирањето, да ја извршуваат во Вашата ценета компанија.* Со тоа ќе бидете регистрирани во базата на бизнис-соработници на Економскиот Факултет Прилеп со можност за вмрежување и комуницирање на активностите и проектите на факултетот и студентските организации.

Се надеваме на почеток на една убава и успешна соработка! Слободно контактирајте не да ја образложиме идејата и реализацијата на истражувањето.

Во очекување на Вашиот одговор,

Со почит

Весна Митреска,

*Претставник на група студенти – истражувачи*

*Економски факултет Прилеп*

*Телефон за контакт: …*

*Адреса: …*